ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar | 05-10-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вреднос Viera |
| 03 | 8562/1 | | |

( Образец ПП……)

**До: Државна комисија за спречување корупција**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Информации во поглед на надлежностите на Вашата институција кои произлегуваат од Законот за заштита на укажувачите и релевантните подзаконски акти и тоа:

- дали од 2015 до денес се поднесени пријави од укажувачи во јавниот и приватниот сектор кога станува збор за заштитено внатрешно/надворешно пријавување, согласно член 5 од Законот? Кои се достапните канали за пријави кои им стојат на располагање на укажувачите?;
- доколку е позитивен одговорот, кои понатамошни активности/мерки се превземени од страна на Вашата институција?
- какво е искуството во врска со примената на Законот за заштита на укажувачи (незадоволотелно/задоволително ниво), во периодот од неговото донесување до денс?
- со кои предизвици/пречки се соочувате и кои се причините за истото?
- да се достави евиденцијата со контакти од овластените лица за прием на пријави/раководни лица назначени во јавниот/приватниот сектор!
- да се достават годишните извештаи за примени пријави за периодот 2017-2021!
- Дали обработените податоци од Годишниот извештај за примени пријави се користат понатаму од страна на Вашата институција?
- Дали укажувачите се доволно заштитени?
- Искуствено или доколку е спроведено формално истражување од Вашата институција, кои се најчестите причини што ги наведуваат за неодлучување да се поднесат пријави?;
- да се опише накратко начинот на комуницирање помеѓу Вашата институција и овластените лица за прием на пријави од јавниот/приватниот сектор?
- Дали вашата институција спроведува теренски контроли за начинот на постапување, процедурите за работа, како и исполнетоста на законски пропишаните техничко-материјалните услови за постапување по пријави за укажувачи?
- дали има задолжителни едукации и/или обуки наменети за овластените лица за прием на пријави/раководните лица и кои се тие?

- дали Вашата институција спроведува активности поврзани со подигнување на свеста за прашања од областа на заштита на укажувачите и кои се тие?
- Дали се изречени одредени санкции за непочитување на предвидените законски одредби? Доколку е позитивен одговор да се даде кратко образложение
- Дали се планирани измени на регулативата за заштита на укажувачи?
- Информација во врска со останати активности кои ги презема Вашата институција од областа на заштита на укажувачите!

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во 03.10.2022 година** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Burim Abazi**

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | Tuesday, October 4, 2022 11:08 AM |
| **To:** | b.abazi@dksk.org.mk |
| **Subject:** | Барање за пристап до информации од јавен карактер |
| **Attachments:** | Барање-за-пристап-до-информации-од-јавен-каркатер-ДКСК.pdf |

Почитуван,

Во прилог доставувам Барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со надлежностите на Комисијата од областа на заштитата на укажувачите и генерално искуството со имплементацијата на законската и подзаконската област.

Благодарм.

Со почит,
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03-8562/2
20-10-2022 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-8562/1 од 05.10.2022 година, доставено од [redacted], го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено, под бр. 03-8562/1 од 05.10.2022 година, доставено од Ирена Бачановиќ Каракашев, преку електронска форма (е-маил) до Државната комсиија **СЕ УВАЖУВА**.

Да се одговори позитивно на барањето и до барателот да се достави бараната информација на начин наведено во барањето.

Решението не содржи образложение, согласно член 90 од Законот за општата управна постапка, а во врска со член 14 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:
Согласен:

**Да се достави до:**
- подносителот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03-8562/3
20-10-2022 г./v.

До
[redacted]

**Предмет:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

[redacted]

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш бр. 03-8562/1 од 05.10.2022 година, со кое барате информации во поглед на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата кои произлегуваат од Законот за заштита на укажувачите и релевантните подзаконски акти, Ве известуваме за следното:

- **Дали од 2015 година до денес се поднесени пријави од укажувачи во јавниот и приватниот сектор кога станува збор за заштитено внатрешно / надворешно пријавување, согласно членот 5 од Законот? Кои се достапните канали за пријави кои им стојат на располагање на укажувачите?**

Во периодот од март 2016 година, кога започна примената на Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти кои произлегуваат од него до ДКСК не беа доставени пријави од укажувачи. Со изборот на новиот /актуелен состав на ДКСК во 2019 година беа доставени првите пријави од укажувачи, така што во периодот од март 2019 – октомври 2022 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) се примени вкупно 43 пријави од укажувачи. Во ДКСК се достапни двата канали на заштитено пријавување, канал на заштитено внатрешно пријавување и канал на заштитено надворешно пријавување. Во 2016, 2017 и 2018 година ниту една институција од јавен сектор не ја извести ДКСК дека примила пријава од укажувач. Види www.dksk.mk документи годишни извештаи Годишен извештај за работа на ДКСК за 2019 година.

Во периодот од почеток на примената на ЗЗУ и подзаконските акти кои произлегуваат од него, до Собранието на Република Северна Македонија доставени се Годишни извештаи за примени пријави од укажувачи и тоа за годините 2016, 2019 и 2020 објавени на веб страната на ДКСК, (последните два извештаи се содржани во Годишниот извештај за работа на ДКСК). За 2017 и 2018 година не се доставени Годишни извешти до Собранието на РСМ поради не функционалност на ДКСК.

- **Доколку е позитивен одговорот, кои понатамошни активности /мерки се преземени од Вашата институција**

Постапувајќи согласно надлежностите утврдени во ЗЗУ и во подзаконските акти коишто произлегуваат од него, ДКСК презеде конкретни активности за воспоставување на систем на заштита на укажувачите, така што почнувајќи од април 2016 година, беше назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување согласно пропишаните услови. Усвоена е внатрешна процедура за начинот и постапката за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување, која е објавена на веб страницата на ДКСК. Сите податоци за системот за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување , односно податоци за овластеното лице се објавени на веб страницата на ДКСК.

Зголемената доверба на јавноста во работата на ДКСК придонесе да се зголеми интересот на граѓаните да доставаат пријави до ДКСК.

Од страна на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК, како и од членовите на ДКСК, на разни начини преку директна комуникација на разни собири, работилници, конференции или преку дадени изјави во медиумите, кон јавноста беа презентирани бројни информации за начинот на кој ДКСК постапува по овие пријави. Ова имаше за резултат, во последните четири години (2019-2022) да се појават укажувачи (доверливи или анонимни) и до ДКСК да достават значителен број на пријави со наводи за сомневања или сознанија за незаконски, казниви, неетички или недозволени поведенија во институциите каде што тие работат или порано биле вработени или до кои дошле на некој друг начин (преку извршување на услуги или остварување на друг вид деловна соработка). Зголеменото пријавување во ДКСК се должи и на основаниот страв од можноста од штетни последици по нив или нивни блиски лица што укажувачите можат да ги трпат во случаи на внатрешно пријавување, како и поради сомневање дека во рамките институции каде работат или порано биле вработени нема да се постапува по нивните пријави.

Во врска со примените 43 пријави од укажувачи, овластеното лице за заштитено надворешно и заштитено внатрешно пријавување во ДКСК оформи предмети, поединечно изврши проценка на содржината на пријавите дали се логични и дали содржат доволно наводи за да се постапува по истите и донесе заклучоци за проверка на наводите содржани во пријавата и утврдување на фактичката состојба, со тоа што достави:

- барања за прибирање на податоци и информации до други институции и
- барања до надлежни институции со кои се побара од нив во рамките на своите законски овластувања да извршат проверка/контрола/надзор на финансиското работење / примената на законските прописи во пријавената јавна институција.

По прибавување на бараните податоци и информации, односно бараните информации од извршениот надзор/контрола на примената на законските одредби во пријавените институции до ДКСК, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК по утврдување на фактичката состојба во предметите, за конкретните предмети реферира пред ДКСК, која на затворена седница за јавност донесува одлука по секој предмет одделно.

- **Какво е искуството во врска со примената на Законот за заштита на укажувачите (незадоволително/задоволително ниво), во периодот од неговото донесување до денес?**

Во последните години, 2020, 2021 и 2022 година, неколку институции континуирано известуваат дека до нив се доставуваат пријави од укажувачи преку каналот на заштитено внатрешно пријавување, што говори за фактот дека граѓаните се охрабруваат и сознанијата/сомневањата за незаконско однесување ги пријавуваат во институциите што значи чекор напред во прифаќање и користење на овој инструмент како солиден начин на прибирање на информации и соодветна реакција за пријавените неправилности од страна на институциите. Со тоа се постигнува и целта на самиот инструмент-заштитено пријавување, односно обезбедување на системска заштита на укажувачите кои се охрабруваат да пријават неправилности во работењето на институциите.

Споредено со претходните години, податоците од 2021 и 2022 година говорат дека постои мало подобрување во примената на Законот за заштита на укажувачите (ЗЗУ) во однос на заштитено внатрешно пријавување. Поаѓајќи од фактот дека ЗЗУ познава два главни канали на заштитено пријавување, заштитено внатрешно пријавување (во сите институции од јавниот сектор) и заштитено надворешно пријавување (МВР, надлежното јавно обвинителство, ДКСК, МВР, Народен правобранител), зголемувањето на бројот на поднесени пријави покажува дека има охрабрување кај граѓаните за користење на оваа можност за пријавување на сомнежи за сторени незаконитости или неправилности во работењето на јавните институции, што претставува мал чекор напред во имплементација на ЗЗУ.

Оценката на ДКСК за степенот на имплементација на Законот за заштита на укажувачите е дадена во извештаите за имплементација на Законот кои се составен дел од Годишниот извештај за работата на ДКСК за секоја година. Истите се објавени на веб страната на ДКСК www.dksk.mk.

- **Со кои причини/ пречки се соочувате и кои се причините за истото?**

Од разговорот со доверливите укажувачи е констатирано дека кај нив постои страв од можноста од штетни последици по нив или нивни блиски лица што тие можат да ги трпат во случаи на заштитено внатрешно пријавување, како и поради сомневање дека во рамките институции каде работат или порано биле вработени нема да се постапува по нивните пријави.

- **Да се достави евиденција со контакти на овластените лица за прием на пријави од укажувачи назначени во јавниот /приватниот сектор?**

Започнувајќи од 18 март 2016 година институциите од јавниот и приватниот сектор до ДКСК доставуваат известувања за назначени овластени лица за прием на пријави од укажувачи во овие институции со нивните контакт податоци. Согласно обврските предвидени со член 17 став 1 точка 21 од ЗСКСИ, а врз основа на добиените податоци од институциите, ДКСК воспостави Регистар на овластените лица за прием на пријави од

укажувачи кој редовно се ажурира. Во Табела 16 прикажани се бројот на институции кои постапиле согласно ЗЗУ.

Табела : Број на институции и овластени лица по ЗЗУ

| Година | Број на институции | Број на институции со овластени лица | Број на овластени лица | Во % |
|---|---|---|---|---|
| 2020 | 1324 | 113 | 115 | 8,5% |
| 2021 | 1324 | 178 | 179 | 13,44% |
| 2022 | 1324 | 191 | 192 | 14,42% |

Во март 2021 година Владата на РСМ донесе План за борба против корупцијата - "Акција 21" , каде во точката 9 -Назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи, сите органи на државната управа беа задолжени, на институциите кои немаат статус на орган на државна управа им се укажа, а на единиците на локалната самоуправа им препорача да назначат овластено лице за прием на пријави од укажувачи за воспоставување заштитено внатрешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачите и информациите да ги објават на нивните веб страни.

Од увидот на веб страниците на институциите се забележува дека поголем број од нив постапиле по насоките на Владата и воспоставиле систем на заштитено внатрешно пријавување, но не ја исполниле обврската за извештајност кон ДКСК, односно не доставиле Известување за овластеното лице со неговите контакт податоци, поради што Регистарот на овластени лица кој редовно се ажурира во ДКСК, содржи податоци за мал број институции што е видно и од Табелата.

- **Да се достават годишните извештаи за примени пријави од 2017 до 2021 ?**

Годишните извештаи за примени пријави од укажувачи се составен дел од Годишниот извештај за работата на ДКСК за секоја година. Истите се објавени на веб страната на ДКСК www.dksk.mk.

Сметано од 2016 година ДКСК има изготвено Годишен извештај за примени пријави од укажувачи за 2016 година, во 2017 и 2018 година не се изготвени од причина што немаше состав на ДКСК, додека извештаите за 2019,2020 и 2021 година се објавени на веб страна на ДКСК www.dksk.mk.

- **Дали обработените податоци од Годишниот извештај за примени пријави од укажувачи се користат понатаму од страна на Вашата институција?**

Обработените податоци од годишните извештаи за примени пријави од укажувачи се изготвени во ДКСК и истите се користат за различни цели, на пример работилници, конференции и слично , во кои земаат учество Претседателката и членовите на ДКСК и овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК.

- **Дали укажувачите се доволно заштитени?**

Иако повеќето институции од јавниот сектор имаат воспоставено систем на заштитено внатрешно пријавување, односно назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи, сепак малиот број на пријави укажува дека граѓаните немаат доверба во институциите за да ги пријават сознанијата или сомневања за прекршувања во институциите. Имајќи во предвид дека Законот за заштита на укажувачите бара да се воспостави систем на заштитено пријавување во сите институции од јавен сектор, на локално и на централно ниво, можеби ваквата мала доверба се должи и на фактот дека има институции со мал број вработени или институции на локално ниво каде постои можност да се открие идентитетот на укажувачот поради меѓусебна поврзаност на вработените по роднинска, соседска или друга врска. Потребно е овластените лица за прием на пријави од укажувачи потребно е да бидат едуцирани за нивно оспособување за постапување по овој вид пријави.

- **Искуствено или доколку е спроведено формално истражување од Вашата институција, кои се најчести причини што ги наведуваат за неодлучување да се поднесат пријави ?**

ДКСК нема спроведено формално истражување на оваа тема , но од разговорот со доверливите укажувачи е констатирано дека кај укажувачите постои страв од можноста од штетни последици по нив или нивни блиски лица што тие можат да ги трпат во случаи на заштитено внатрешно пријавување, како и поради сомневање дека во рамките институции каде работат или порано биле вработени нема да се постапува по нивните пријави.

- **Да се опише накратко начинот на комуникација помеѓу Вашата институција и овластените лица за прием на пријави од укажувачи од јавниот /приватниот сектор?**

Согласно Законот за заштита на укажувачите, сите институции од јавен сектор се должни да воспостават систем на заштитено внатрешно пријавување, односно да имаат овластено лице за прием на пријави од укажувачи, кое е потребно да ги исполнува барањата дефинирани во членот 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавен сектор. Искуството од досегашната примена на Законот укажува дека на назначените овластени лица им се потребни обуки/ едукации за правилно разбирање на целта на Законот. Оттаму, во изминатите години овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК одржа голем број на обуки/ работилници со овластените лица од разни институции, кои беа активности реализирани во рамките на проекти, на пример ЕУ Проектот "Промовирање на транспарентност и отчетност", Проектот на Транспаренси интернешнл за заштита на укажувачите и други.

Исто така, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК им стои на располагање на сите овластени лица за прием на пријави од укажувачи во јавниот / приватен сектор, во случај на потреба да побараат помош или консултација. Овластеното лице оствари контакти со сите кои изразуваат потреба од појаснување по однос на начинот на постапување по конкретни предмети оформени по пријави од укажувачи.

- **Дали вашата институција спроведува теренски контроли за начинот на постапување, процедури за работа , како и исполнетоста на законски пропишаните техничко-материјални услови за постапување по пријави од укажувачи ?**

Согласно Законот за заштита на укажувачите ДКСК има обврска да прибира полугодишни извештаи со статистички податоци за примени пријави од укажувачи и да достави Годишен извештај за примени пријави од укажувачи секоја година. ДКСК нема законска обврска да спроведува теренска контрола за начинот на постапување по, процедури за работа, како исполнетоста на законските пропишани услови за работа на овластените лица по пријави од укажувачи.

- **Дали има задолжителни едукации и /или обуки наменети за овластените лица за прием на пријави од укажувачи и кои се тие?**

Согласно Законот за заштита на укажувачите, не е воведена задолжителна едукација/ обука на овластените лица за прием на пријави од укажувачи. Сепак, проценувајќи ја потребата од едукација на овластените лица, ДКСК односно овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК во изминатите години одржа голем број на обуки/ работилници со овластените лица од разни институции, кои беа активности реализирани во рамките на проекти, на пример ЕУ Проектот "Промовирање на транспарентност и отчетност", Проектот на Транспаренси интернешнл за заштита на укажувачите и други.

- **Дали Вашата институција спроведува активности поврзани со подигнување на свеста за прашања од областа на заштита на укажувачите и кои се тие?**

Во текот на 2021 година во рамките на ЕУ Проектот "Промовирање на транспарентност и отчетност" беше спроведена кампања за подигање на јавната свест за Законот за заштита и актите кои произлегуваат од него, каде беа опфатени сите возрасни групи, младите цртаа цртежи за врапчето како симбол, средношколците цртаа графити и цртежи на тема Заштита на укажувачите и Интегритет , додека со студентите одржана дебата на Тема Заштита на укажувачите и примената на Законот за заштита на укажувачите во пракса.

Во рамките на овој проект изработено е софтверско решение за заштита на укажувачите, кое е инсталирано на веб страната на ДКСК и е инсталирано и во другите институции на заштитено надворешно пријавување, (МВР, Народен правобранител, Инспекциски совет и повеќе инспекторати).

- **Дали се изречени одредени санкции за непочитување на предвидените законски одредби? Доколку е позитивен одговорот да се даде кратко образложение.**

ДКСК не располага со таков вид информации.

- **Дали се планирани измени на регулативата за заштита на укажувачите?**

За ова прашање надлежно е Министерството за правда, колку што имаме информации започнат е процесот за измена и дополнување на Законот за заштита на укажувачите во месец јули 2022 година.

- **Информација во врска со останатите активности кои ги преземе Вашата институција од областа на заштита на укажувачите?**

Институциите во јавниот сектор имаат обврска да доставуваат полугодишни извештаи за прием на пријави од укажувачи, кои треба да содржат општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави, согласно членот 15 од ЗЗУ. Иако обврската за доставување на полугодишни извештаи не се однесува на субјектите од приватниот сектор, забележливо е дека одреден број од нив, самоиницијативно доставуваат полугодишни извештаи. Во Табела 17 прикажан е бројот на доставени извештаи до ДКСК по години.

Табела : Доставени полугодишни извештаи до ДКСК

| *Година* | *Период* | *Институции од јавен сектор* | *Правни лица од приватен сектор* | *Вкупно* | *Институции кои примиле пријави* | *Поднесени пријави* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 01.01-30.06 | 54 | 6 | 60 | 5 | 10 |
| | 01.07-31.12 | 66 | 7 | 73 | 3 | 11 |
| 2021 | 01.01-30.06 | 75 | 8 | 83 | 4 | 25 |
| | 01.07-31.12 | 75 | 7 | 82 | 3 | 19 |

Споредбата на податоците за доставените извештаи со податоците од Регистарот, укажуваат дека иако повеќе од институциите имаат воспоставено систем на заштитено внатрешно пријавување, не ја исполниле обврска за доставување полугодишен извештај до ДКСК од причина што немаат примено пријави од укажувачи.

Малиот број на доставени полугодишни извештаи во 2021 година говори дека институциите не се доволно посветени на исполнување на своите обврски предвидени со ЗЗУ и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

### *Статус на предметите и ефекти од постапувањата*

Во Табела 18 прикажани се ефектите од постапувањата на ДКСК по однос на предметите формирани по пријави од укажувачи заклучно со 30 септември 2022 година.

| *Опис на активност* | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| *Број на примени пријави од укажувачи* | 19 | 6 | 9 | 9 |
| *Број на отворени предмети* | 19 | 6 | 9 | 9 |
| *Постапување на ДКСК* | 19 | 6 | 9 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Доставена пријава до други институции на заштитено надворешно пријавување согласно ЗЗУ на натамошно постапување* | 1 | 1 | / | |
| *Донесени одлуки* | 18 | 6 | 2 | |
| *Непотврдени наводи* | 12 | 6 | 2 | |
| *Нема законски основ за постапување на ДКСК* | 4 | / | | |
| *По барање на подносителот, предметот е доставен за постапување во редовна постапка на ДКСК* | 1 | / | / | |
| *Постапувањето на ДКСК е во тек* | 1 | / | 7 | |
| *Иницијативи до надлежен орган за утврдување одговорност на службено лице и Иницијатива до ЈОРСМ* | 1<br>1 | / | / | |
| *Укажување со насоки за преземање на мерки и дејствија до одговорно лице во институцијата, постапувањето на ДКСК е во тек* | 1 | / | / | |

Од 43 те пријави доставени од укажувачи, 26 укажувачи се анонимни, додека 17 се доверливи. Согласно член 2 од ЗЗУ, укажувачите кои доставиле пријави до ДКСК се од сите категории утврдени во Законот, вработени, поранешни вработени, лица кои ги добиле информациите при извршување на работи или давање на услуги за институциите, или преку различни договори на деловна соработка.

Зголеменото пријавување во ДКСК се должи и на основаниот страв од можноста од штетни последици по нив или нивни блиски лица што укажувачите можат да ги трпат во случаи на внатрешно пријавување, како и поради сомневање дека во рамките институции каде работат или порано биле вработени нема да се постапува по нивните пријави.

Во 26 предмети, поради непотврдени наводите во пријавата ДКСК одлучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување , за што беа известени и укажувачите.

Во 2 предмети ДКСК нема законска надлежност за постапување бидејќи други органи се надлежни за постапување, но затоа беа доставени информации до другите институции на зштитено надворешно пријавување - Народниот правобранител и Министерството за внатрешни работи за нивно надлежно постапување.

Постапувајќи по 1 предмет, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување поради непостоење правен основ за санкционирање на пријавениот

градоначалник за сторените прекршувања на одредби со што би се создал правен основ за санкционирање на сторителитодредбите од Законот за јавните претпријатија и Законот за локална самоуправа поврзани со наводите во пријавата. Исполнувајќи ја својата превентивна улога, согласно надлежноста утврдена во член 17 став 1 точка 2 од ЗСКСИ, ДКСК пристапи кон антикорупциска проверка на Законот за јавните претпријатија со цел предлагање на измени и дополнувања на законот со казнени е во случаи на непостапување или постапување спротивно одредбите од овие закони во иднина.

Во 1 предмет поради утврдена основаност на наводите во доставената пријава, беа доставени Иницијатива до Владата на РСМ за утврдување на одговорност за пријавеното лице и Иницијатива за кривично гонење до Основното јавно обвинителство Скопје.

Во 1 предмет, по потврдување на наводите во пријавата, ДКСК достави Укажување до раководното лице на институција за преземање конкретни дејствија во насока на надминување на утврдената состојба, од каде се преземаат низа дејствија, кои се во тек.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:
Согласен: